**ПРОТИВПОЖАРЕН СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
Ул. Романија бб, 1000 Скопје, тел.: 02 3175 022
www.psm.mk

**На 21.05.2014 година, по повод денот на пожарникарството во Република Македонија - 20 Мај, во Старо Нагоричане (Кумановско) се одржа тактичко-показна вежба насловена:**

## СТАРО НАГОРИЧАНЕ 2014

## К Р А Т К О   С Ц Е Н А Р И О

Вежбата е во организација на:

► **Противпожарен сојуз на Македонија**

► **Влада на Република Македонија – Дирекцијата за заштита и спасување**

► **Општина Старо Нагоричане**

► **Општински противпожарен сојуз Куманово и**

► **ТППЕ Куманово**

**Обраќање до учесниците на вежбата и гостите од страна на:**

■ **Градоначалникот на Старо Нагоричане**

■ **Претседателот на Противпожарен Сојуз на Македонија (ПСМ)**

**Доделување на Благодарници од страна на ПСМ**

Со првата показно – тактичка вежба, ќе биде прикажана ситуација на замислен пожар во зградата на ОУ „Светозар Марковиќ“, во објектот пред нас.

Имено, денеска во 10:30 часот предизвикан е пожар од неисправна електрична инсталација на првиот кат.

Во времето на предизвикувањето на пожарот во училиштето се одвивала редовната настава, при што присутни се вкупно 91 ученик на возраст од 6 - 14 години, распоредени во 8 училници.

Поради релативно долгиот развој на пожарот тој зафаќа поголема површина на катот, каде се зафатени и горат мебел, инвентар, столарија, хартија и сл., при што целиот простор во ходниците од приземјето до кровот е исполнет со густ чад.

Во опожарениот простор се развила релативно висока температура која што условува брзо ширење на пожарот, загрозувајќи ја безбедноста на учениците, со тенденција за негово брзо ширење на целиот објект.

Една група на ученици и персонал од 7 лица се заробени од пожарот и нема можност безбедно да бидат евакуирани преку внатрешните ходници и скали во училиштето.

Пожарот прв го забележува службеникот во училиштето и тој веднаш ја известува територијалната противпожарна единица Куманово на тел. број 193.

***(АЛАРМ-сирена)***

***(Вежбата започнува)***

**Вработените во училиштето и противпожарните служби извршувват:**

► Евакуација на учениците и персоналот во училиштето на безбедно место

► Спасување на „заробените“ ученици и персонал од првиот кат преку надворешните отвори на училишната зграда

► Локализирање и гаснење на пожарот

Тактичкиот настап за евакуација и спасување на загрозените лица, како и за гаснење на пожарот се одвива на три оперативни сектори, и тоа:

**На првиот оперативен сектор се врши евакуација на учениците и персоналот, преку планираните излези за евакуација во училиштето од северната страна на објектот.**

Евакуацијата на загрозените ученици, наставници и технички персонал се врши согласно Планот за евакуација на ОУ „Светозар Марковиќ, од страна на персоналот на училиштето.

Евакуацијата се врши преку внатрешните комуникации така што најнапред ќе бидат евакуирани учениците и персоналот од приземјето, а потоа и од повисоките делови на училишната зграда.

**На вториот оперативен сектор се врши спасување на загрозените лица од првиот кат, со користење на душек за спасување.**

Спасувањето на загрозените лица заробени со пожарот се врши со користење на воздушен душек за спасување од височини чија површина е 42 $м^2$.

Душекот се поставува на јужната страна од објектот, на потребната оддалеченост за безбедно спасување на загрозените лица

**На третиот оперативен сектор ќе се врши гаснење на пожарот.**

Гаснење на пожарот се врши преку внатрешен напад од северната и од јужната страна на училишната зграда, со две (2) противпожарни возила.

Една навална група на територијалната противпожарна единица Куманово, опремена со изолациони апарати за заштита на органите за дишење, врши директна локализација и гаснење на пожарот во внатрешноста на објектот, додека,

Добороволната ПП единица на ДПД „Козјак“ од Старо Нагоричане, делува од јужната страна на објектот, од каде што со помош на скала преку прозорец интервенира со еден млаз со вода, на првиот кат.

***(По дадениот знак од раководителот на вежбата дека вежбата е завршена истото се објавува)***

Додека трае припремата за другиот дел од вежбата, доброволци од ДПД Перо Чичак – Куманово (на возраст до 18 год.) демонстрираат гасење на оган со рачни апарати од сите видови.

**Следи изведување на показно тактичка вежба спасување на луѓе во услови на сообраќајна несреќа.**

Во возилото покрај возачот се наоѓаат уште 2 лица.

Поради механичките удари при сообраќајната несреќа возилото во голема мера е деформирано, нагмечено, при што лицата во возилото се здобиле со повреди и не се во можност да го напуштат возилото, поради што е побарана помош од територијалната ПП единица Куманово и од екипи за укажување на итна медицинска помош.

Територијалната ПП единица Куманово,  по извидување и проценка на ситуацијата, почнува со сечење на лимот од каросеријата на возилото, заради ослободување и извлекување на повредените лица.

Екипи за укажување на прва медицинска помош на Црвениот Крст Куманово и Брза помош Куманово  им укажуваат помош на повредените лица.

Едно лице со тешки телесни повреди, со хеликоптер на МВР се пренесува во Клинички центар со Скопје.

Се објавува дека Вежбата е завршена!

Следи анализа на Вежбата од страна на организаторите и чесниците.